РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ДКСК** **KSHPK**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2144/2
27-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата поднесена до Државната комисија за спречување на корупцијата под број 08-2144/1 од 08.06.2021 година, од страна на непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување на ДКСК во предметот со број 08-*2144*/1 од 0*8.06*.2021 година.

Предметот со број 08-*2144*/1 од 0*8.06*.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-*2144*/1 од 0*8.06*.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Со пријавата се бара испитување на потекло на имотот на судија ____________, судија на Основен суд _____________, како и адвокатско друштво ______________, за кои се укажува дека функционираат во спрега со судот и по договорени пресуди досудуваат трошоци кои потоа ги делат преку трансакциска сметка или лично на рака.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека наводите изнесени во пријавата се општи и паушални, а со оглед на тоа што пријавата е поднесена од страна на непознат подносител кој во истата не навел податоци за контакт со цел ДКСК да може да побара дополнување на наводите, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч, рак.на одделение
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk